Република Северна Македонија
Министерство за финансии

МФРСМ.Ф.8.5/9-2



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

мај, 2019 година

Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# СОДРЖИНА

Резиме ........ 2

I. Реален сектор

Индустриско производство ........ 3

Број на работници во индустријата ........ 4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ........ 5

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ........ 6

Инфлација ........ 6

Берзански цени ........ 7

2. Надворешнотрговска размена

Извоз ........ 9

Увоз ........ 10

Салдо на трговска размена ........ 11

Валутна структура ........ 11

3. Фискален сектор

Буџетски приходи според економската класификација ........ 12

Приходи по буџетски корисници ........ 13

Буџетски расходи според економската класификација ........ 14

Расходи по буџетски корисници ........ 15

Буџетско салдо ........ 17

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРСМ ........ 18

Плати ........ 19

Пензии ........ 19

5. Монетарен и финансиски сектор

Примарни пари ........ 20

Депозитен потенцијал ........ 21

Кредити на банките ........ 21

Каматни стапки на депозитни банки ........ 22

Пазар на капитал ........ 23

Девизни резерви ........ 23



Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

маj, 2019 година

- Индустриското производство во мај 2019 година забележа раст од 1,2% во споредба со истиот месец претходната година;
- Потрошувачките цени во мај 2019 година се зголемија за 1,4% во однос на мај 2018 година, по растот од 1,9% во април 2019 година;
- Во периодот јануари - мај 2019 година извозот забележа раст од 14,8%, а увозот од 14,1%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 12,2%, споредено со истиот период од 2018 година;
- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - мај 2019 година изнесуваа 80.616 милиони денари, односно 11,5% од БДП, што претставува поголемо остварување за 6,5% во однос на 2018 година;
- Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари - мај 2019 година изнесуваа 85.608 милиони денари, односно 12,2% од БДП, што е за 6,9% повеќе во однос на 2018 година;
- Вкупните кредити на банките во мај 2019 година се зголемија за 8,3% во споредба со мај 2018 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 10,4%.

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Индустриското производство во мај 2019 година забележа раст од 1,2% во споредба со истиот месец претходната година. Главен двигател на растот е секторот Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и климатизација, кој во мај 2019 година забележа раст од 22,0% (придонес од 2,7 п.п.), а растот е поттикнат и со зголемувањето на производството во секторот Рударство и вадење камен од 5,4% (придонес од 0,6 п.п.). Преработувачката индустрија бележи пад на производството од 0,4% (негативен придонес од 0,3 п.п.).

Раст на производство во мај 2019 година бележат 17 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 76,2% од структурата на вкупното производство, што укажува дека раст главно бележат гранките со поголемо учество во вкупното производство. Меѓу гранките со повисока додадена вредност, најголем придонес во мај 2019 година е забележан кај производството на машини и уреди од 10,0% и придонес од 1,0 п.п., а раст е забележан и кај производството на електрична опрема од 10,5% и придонес од 0,4 п.п.. Производството на прехранбени производи во мај 2019 година забележа раст од 3,5% и придонес од 0,3 п.п. во вкупното производство. Највисока стапка на раст на производството во мај 2019 година е забележана кај вадењето јаглен и лигнит од 22,2%, но придонесот на истата е 0,5 п.п. поради малото учество на оваа гранка во вкупното производство.

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Согласно податоците по наменски групи, раст е забележан во групите: Енергија од 22,0% (придонес од 3,1 п.п.), Интермедијарни производи, освен енергија од 2,9% (придонес од 0,8 п.п.), Нетрајни производи за широка потрошувачка од 1,9%

(придонес од 0,6 п.п.) и Трајни производи за широка потрошувачка од 2,6% (придонес од 0,1 п.п.). Пад е забележан единствено во групата Капитални производи од 7,1% (придонес од -1,6 п.п.).

**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Кумулативните податоци укажуваат дека производството во првите пет месеци од 2019 година бележи раст од 6,5%, што во најголем дел се должи на растот во секторот Преработувачка индустрија од 4,7% (придонес од 3,6 п.п.), а во помала мера на растот во секторите Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 17,2% (придонес од 2,1 п.п.) и Рударство и вадење камен од 4,2% (придонес од 0,5 п.п.).

Податоците од анализата по гранки укажува дека раст е забележан кај 15 од вкупно 27 гранки, кои сочинуваат 70,8% во структурата на вкупното индустриско производство. Од гранките со позначително учество во структурата, раст е забележан кај производството на машини и уреди од 21,7% и придонес од 2,1 п.п., снабдувањето со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 17,2% и придонес од 2,1 п.п., производството на моторни возила од 5,1% и придонес од 0,5 п.п., како и кај прехранбената индустрија од 1,4% и придонес од 0,1 п.п..

Кај наменските групи, растот во периодот јануари - мај 2019 година е резултат на зголеменото производство во сите групи, и тоа: Енергија од 17,8% (придонес од 2,5 п.п.), Интермедијарни производи, освен енергија од 6,4% (придонес од 1,9 п.п.), Капитални производи од 5,8% (придонес од 1,3 п.п.), Нетрајни производи за широка потрошувачка од 1,7% (придонес од 0,6 п.п.) и Трајни производи за широка потрошувачка од 1,8% и (придонес од 0,1 п.п.).

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во мај 2019 година е намален за 2,5%. Падот е предизвикан од намалувањето на бројот на работници во сите сектори, и тоа:

Преработувачка индустрија од 2,7%, Рударство и вадење камен од 1,0% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 0,3%.

**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во мај 2019 година во однос на истиот месец минатата година покажуваат дека зголемување на бројот на работници има единствено во групата Капитални производи од 2,4%, додека пад е забележан во групите Трајни производи за широка потрошувачка од 5,8%, Нетрајни производи за широка потрошувачка од 5,0%, Интермедијарни производи, освен енергија од 1,4% и Енергија од 1,2%.

На кумулативна основа, во периодот јануари - мај 2019 година е забележан пад на бројот на работници од 0,6%, кој се должи на падот во сите сектори, и тоа: Преработувачка индустрија од 0,7%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 0,2% и Рударство и вадење камен од 0,1%.

Согласно податоците за наменски групи, во првите пет месеци од 2019 година е забележан раст во групите Капитални производи од 9,5% и Интермедијарни производи, освен енергија од 0,2%, додека пад е забележан во групите Трајни производи за широка потрошувачка од 4,4%, Нетрајни производи за широка потрошувачка од 4,3%, како и во групата Енергија од 0,8%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во мај 2019 година е поповолна во однос на претходниот месец, како и во однос истиот месец од 2018 година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во мај изнесува 69,6%, што претставува зголемување споредено со април 2019 година, кога изнесувало 69,5%. На годишна основа, искористеноста на капацитетите е зголемена за 2,2 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во мај имаат следните фактори: недостигот на квалификувана работна сила со 26,0%, недоволната странска побарувачка со 16,8%, недоволната домашна побарувачка со 14,4%, неизвесното економско опкружување со 10,8%, финансиските проблеми со 7,9%, недостигот на суровини со 6,4% и конкурентниот увоз со 6,0%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во мај 2019 година во однос на април 2019 година е поповолна, очекувањата за обемот на

производството во наредните три месеци се поповолни во однос на претходниот месец, а залихите на готови производи на месечна основа се зголемени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во мај 2019 година издадени се вкупно 222 одобренија за градење и споредено со истиот месец од 2018 година бројот на издадени одобренија за градење остана непроменет. На месечна основа, бројот на издадени одобренија за градење се намали за 7,5%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во мај 2019 година во однос на мај 2018 година бележи раст од 12,9%. Вредноста на објектите споредено со април 2019 година е намалена за 25,0%.

**Графикон 1.5:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 1.6:** Структура на издадените одобренија за градење по региони




Извор: ДЗС.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 135 (или 60,8%) се наменети за објекти од високоградба, 37 (или 16,7%) за објекти од нискоградба и 50 (или 22,5%) за објекти за реконструкција.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 222 издадени одобренија за градба, на 136 објекти (или 61,3%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 86 објекти (или 38,7%) инвеститори се деловни субјекти.

Со издадените одобренија за градење во мај 2019 година предвидена е изградба на 463 станови, со вкупна корисна површина од 39.499м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба во однос на претходниот месец бележи раст од 18,4%, а на годишна основа бележи пад од 2,9%.

## Инфлација

Потрошувачките цени во мај 2019 година се зголемија за 1,4% во однос на мај 2018 година, по растот од 1,9% во април 2019 година. Просечната стапка на инфлација во периодот јануари – мај 2019 година изнесува 1,4%.

Цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, која има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, во мај се зголемија за 2,3% на годишно ниво. Највисок годишен раст на цените во мај 2019 година е забележан во категоријата Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 5,5% следена со порастот на цените во категориите: Здравје од 2,8%, Рекреација и култура од 2,1%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 1,7%, Ресторани и хотели од 1,2% и Транспорт од 1,0%.

**Графикон 1.7:** Инфлација според COICOP
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Годишен пад на цените во мај 2019 година е регистриран во категориите Комуникации од 1,7%, Останати стоки и услуги од 0,7%, Облека и обувки од 0,6%, Образование од 0,5% и Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,1%.

Потрошувачките цени во мај 2019 година се зголемија за 0,5% во однос на претходниот месец. Притоа раст на цените на месечна основа е регистриран во категориите: Транспорт од 1,3%, Облека и обувки од 1,2%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 0,8%, Рекреација и култура од 0,6%, Храна и безалкохолни пијалаци од 0,5%, Ресторани и хотели од 0,4%, и Комуникации и Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од по 0,1%.

**Графикон 1.8:** Структура на инфлацијата според COICOP
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Намалување на цените на месечно ниво е регистрирано во категоријата Останати стоки и услуги од 0,1%, додека цените во категориите Домување, вода, електрика, гас и други горива, Здравје и Образование останаа непроменети.

Цените на мало во мај 2019 година во однос на истиот месец претходната година се зголемени за 1,0%, а на месечна основа регистрираа раст од 0,4%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во мај 2019 година споредено со април 2019 година се намали за 0,9% и изнесува 70,5 долари за барел. Во однос на истиот месец претходната година, цената на нафтата бележи пад од 8,0%.

Што се однесува до металните производи, никелот како значаен извозен производ, во мај 2019 година се тргуваше со просечна цена од 12.016 долари за еден метрички тон ($/мт) и бележи месечно намалување на цената од 5,9%. Споредено со мај 2018 година, цената на никелот во мај е пониска за 16,4%. Покрај никелот, месечен пад на цените во мај бележат и останатите основни метали. Така, цените на бакарот и на цинкот се намалија за 6,5%, на оловото за 6,4%, на калајот за 5,2% и на алуминиумот за 3,5%. Цената на железната руда во мај на месечна основа се зголеми за 6,9%.

**Графикон 1.9:** Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

**Графикон 1.10:** Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

Благородните метали во мај 2019 година, во однос на април 2019 година исто така бележат намалување на цената. Така, цената на платината се намали за 6,1%, на среброто за 2,6% и на златото за 0,2%.

Цената на пченката на светските берзи во мај 2019 година споредено со претходниот месец бележи зголемување од 5,9%, додека цената на пченицата остана непроменета.

## *2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА*

Вкупната надворешнотрговска размена во првите пет месеци од 2019 година изнесува 6.081,9 милиони евра, што претставува раст од 14,4% во однос на истиот период минатата година.

Во периодот јануари - мај 2019 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 28), како најголем трговски партнер, е намалено за 1,3 п.п. споредено со истиот период претходната година, и изнесува 71,4%.

## Извоз

Во периодот јануари - мај 2019 година вредноста на извезените стоки изнесува 2.622,0 милиона евра и бележи раст од 14,8% (337,2 милиона евра) во однос на истиот период од 2018 година, а физичкиот обем на извозот раст од 19,5%.

**Графикон 2.1:** Надворешна трговија
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Вредноста на извезените стоки во мај 2019 година изнесува 556,0 милиони евра и бележи раст од 10,0% (50,6 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот се зголемил за 11,6%.

Анализирано на месечно ниво, во мај 2019 година извозот бележи раст од 4,5% (24,1 милион евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот е непроменет.

**Графикон 2.2:** Структура на извозот по СМТК




Извор: ДЗС.

Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - мај 2019 година се: хемиски материи и производи, железо и челик, облека, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 46,0% од вкупниот извоз на државата.

Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари - мај 2019 година споредено со истиот период од 2018 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕУ 28, Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати, Западен Балкан, Северноамериканска зона на слободна трговија, Организација за економска соработка на земји од Азиско-пацифичкиот регион и Заедница на независни држави, додека пад има само кај групацијата ЕФТА. Извозот во ЕУ 28 бележи раст од 12,7% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан истиот бележи раст од 18,7%, при што извозот на стоки во ЕУ 28 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Северна Македонија учествува со 82,5% и 10,7% соодветно.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари - мај 2019 година изнесува 3.459,9 милиони евра и бележи раст од 14,1% (428,1 милион евра) во однос на истиот период од 2018 година, а физичкиот обем на увозот бележи раст од 18,6%.

Вредноста на увозот во мај 2019 година изнесува 708,8 милиони евра, што претставува раст од 13,4% (83,7 милиони евра) во однос на истиот месец од 2018 година, а увезените количини стоки се зголемени за 11,3%.

Анализирано на месечно ниво, во мај 2019 година увозот бележи пад од 6,8% (52,0 милиона евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен пад од 6,8%.

**Графикон 2.3:** Структура на извозот по економска намена
*(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

**Графикон 2.4:** Структура на увозот по економска намена
*(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - V - 2018 | I - V - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 11,2 | 18,2 | 7,0 | 62,8 |
| Мил. ЕУР | 468,3 | 559,4 | 91,0 | 19,4 |
| Мил.$ | 570,0 | 631,6 | 61,6 | 10,8 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - V - 2018 | I - V - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 12,1 | 14,8 | 2,6 | 21,8 |
| Мил. ЕУР | 85,6 | 91,8 | 6,2 | 7,2 |
| Мил.$ | 104,5 | 103,7 | -0,8 | -0,7 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - V - 2018 | I - V - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 305,7 | 334,0 | 28,4 | 9,3 |
| Мил. ЕУР | 198,4 | 245,5 | 47,1 | 23,8 |
| Мил.$ | 241,3 | 277,0 | 35,7 | 14,8 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - V - 2018 | I - V - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 368,5 | 378,5 | 10,0 | 2,7 |
| Мил. ЕУР | 199,5 | 194,4 | -5,1 | -2,5 |
| Мил.$ | 243,3 | 219,5 | -23,8 | -9,8 |

*)Претходни податоци

| Извоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - V - 2018 | I - V - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 27,1 | 32,5 | 5,4 | 20,0 |
| Мил. ЕУР | 338,7 | 405,2 | 66,5 | 19,6 |
| Мил.$ | 412,4 | 457,1 | 44,7 | 10,8 |

| Увоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - V - 2018 | I - V - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 24,1 | 27,8 | 3,7 | 15,5 |
| Мил. ЕУР | 286,9 | 311,8 | 24,9 | 8,7 |
| Мил.$ | 349,8 | 352,0 | 2,1 | 0,6 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во периодот јануари - мај 2019 година, трговскиот дефицит се зголеми за 12,2% односно 91,0 милион евра споредено со истиот период минатата година.

Во мај 2019 година трговскиот дефицит се зголеми за 27,7% односно 33,1 милион евра споредено со мај 2018 година.

**Графикон 2.5:** Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат од проширувањето на негативното салдо во размената со индустриски набавки и горива и мазива. Од друга страна, кон намалување на дефицитот дејствуваше намалувањето на негативното салдо во размената со стоки за инвестиции без транспортна опрема, храна и пијалаци и стоки за широка потрошувачка, како и зголемувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема.

Во периодот јануари - мај 2019 година 88,0% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Грција и Кина, а потоа следуваат: Србија, Турција, Италија, Јужна Африка, Полска, САД и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија и Шпанија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 85,5% од трговската размена во периодот јануари - мај 2019 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2018 година претставува намалување за 2,8 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 92,8% и 80,0%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е намалена за 0,9 п.п., додека застапеноста на еврото кај увозот е намалена за 4,2 п.п. во однос на периодот јануари - мај 2018 година.

Табела 2.2 Надворешно трговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - V - 2018 | | | | | I - V - 2019 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| ЕУР | 1,799.3 | 2,552,137,744 | 61.5348 | 157,045,285,627 | 84.2 | 1,881.7 | 2,767,849,020 | 61.5133 | 170,259,527,132 | 80.0 | 215,711,277 | 8.5 |
| УСД | 553.0 | 549,991,761 | 50.4746 | 27,760,614,146 | 14.9 | 910.2 | 744,717,525 | 54.4492 | 40,549,273,450 | 19.1 | 194,725,764 | 35.4 |
| ГБП | 2.6 | 12,812,244 | 69.9088 | 895,688,627 | 0.5 | 1.6 | 9,534,787 | 70.6903 | 674,016,928 | 0.3 | -3,277,458 | -25.6 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 2,354.8 | | | 185,701,588,400 | 99.1 | 2,793.5 | | | 211,482,817,510 | 99.4 | | |
| вк извоз: | 2,361.7 | | | 186,558,168,239 | 100.0 | 2,801.1 | | | 212,825,593,500 | 100.0 | | 14.1 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# *3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР*

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари- мај 2019 година изнесуваа 80.616 милиони денари, односно 11,5% од БДП, што претставува поголемо остварување за 6,5% во однос на 2018 година.

Даночните приходи во наведениот период се реализирани во износ од 45.839 милиони денари и во однос на истиот период претходната година се зголемени за 0,4%.

**Графикон 3.1:** Приходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 20.704 милиони денари, што претставува зголемување од 2,7% во однос на минатата година, со доминантно учество во вкупните даночни приходи од 45,2%. Притоа, ДДВ е наплатен во бруто износ од 30.987 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 10.283 милиони денари (бруто наплатата е повисока за 5,4%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 11,4% споредено со истиот период од 2018 година). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од увоз кој забележува поголемо остварување за 6,9%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа зголемување од 2,7%.

Акцизите се остварени во износ од 9.524 милиони денари (учество од 20,8% во даночните приходи), што претставува намалување од 2,1% во споредба со 2018 година. Така, од овие два индиректни данока вкупно се остварени приходи од 30.228 милиони денари, што претставува 65,9% од вкупните даночни приходи во овој период.

Приходите од персоналниот данок се остварени во износ од 7.295 милион денари и забележуваат раст од 17,3% на годишна основа, при што 62,7% од персоналниот данок претставува приходот од данокот на плати и други лични примања, 7,7% од приходи од капитал, 6,4% од приходи по основ на договор на дело, 8,9% од приходи од игри на среќа и наградни игри и 5,3% од приходи од имот и имотни права.

Приходите од данокот на добивка во првите пет месеци изнесуваа 5.690 милиони денари и забележаа помало остварување за 18,8% во однос на истиот период

претходната година, но затоа пак има пораст на данокот наплатен по основ на дивиденди и други распределби за 144,2%, додека на месечни аконтации се забележува намалување од 8,3%, на доплатите по даночни биланси намалување од 34,0% и на задржаниот данок за странски правни лица намалување од 36,3%.

Приходите од царина се остварени во износ од 2.409 милиони денари и забележаа зголемување од 2,7%. Приходите од други даноци со остварен износ од 217 милиони денари забележаа зголемено остварување за 3,8% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 24.584 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 10,7% споредено со истиот период од 2018 година, при што наплатата кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување е повисока за 10,9%, кај придонесите за вработување за 9,0% и кај придонесите за здравствено осигурување за 10,5%.

Неданочните приходи се остварени во износ од 7.632 милиона денари и во однос на анализираниот период од 2018 година забележаа поголемо остварување за 51,2% (во овие приходи се приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се оствaрија во износ од 347 милиони денари, што е намалување од 54,2% во однос на минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 1.697 милиони денари и се зголемени за 26,3% во однос на истиот период лани.

## Приходи по буџетски корисници

Буџетските приходи, односно приливот на средства во Централниот буџет, се остваруваат главно преку Министерството за финансии – функции на државата[1] и во периодот јануари - мај 2019 година изнесуваат 58.977 милиони денари, односно 92,7% од приходите на сите буџетски корисници, а претставуваат 37,0% од годишниот план на овој буџетски корисник.

Во рамки на разделот Министерството за финансии – функции на државата преовладуваат даночните приходи кои претставуваат 76,8% од вкупните приходи и приливи, при што нивната наплата во периодот јануари - мај 2019 година изнесува

[1] Во рамките на разделот *функции на држава* опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално кофинансирање и ИПА средствата од ЕУ). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите на Република Северна Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање елементарни непогоди и средства за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.

38,1% од годишниот план. Приливот на средства по основ на домашно задолжување за овој период изнесува 10.065 милиони денари, што претставува 17,1% од вкупниот износ на овој буџетски корисник.

Министерството за образование и наука оствари приходи во износ од 1.599 милиони денари, односно 2,5% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници и најголемиот дел од тој износ (65,4%) претставуваат неданочни приходи, главно по основ на такси и надоместоци.

**Графикон 3.2:** Структура на приходите на Министерството за финансии – функции на државата




Извор: МФ.

Министерството за финансии како буџетски корисник оствари приходи во износ од 454 милиони денари, што претставува 0,7% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници. Приливот на средства по основ на отплата на трансфери и донации изнесува 241 милион денари и претставува 53,1% од вкупните приходи на овој буџетски корисник.

Останатите буџетски корисници збирно имаат остварено 4,1% од вкупните приходи и приливи. Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк (*http://finance.gov.mk/mk/node/693*).

Во однос на буџетските фондови, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија во периодот јануари - мај 2019 година оствари приходи во износ од 31.684 милиони денари што претставува 43,7% од годишниот план на Фондот.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари -мај 2019 година изнесуваа 85.608 милиони денари, односно 12,2% од БДП, што е за 6,9% повеќе во однос на 2018 година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 82.040 милиони денари учествуваа со 95,8% и се зголемени за 6,9% во однос на 2018 година.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 11.285 милиони денари што претставува зголемување за 3,9% во однос на претходната година, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 13,2%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваат 6.859 милиони денари и споредено со 2018 година забележаа зголемување од 15,6%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваат 61.551 милион денари. Средствата за трансфери забележаа поголема реализација за 5,9% споредено со јануари - мај 2018 година и истите учествуваа со речиси 3/4, односно 71,9% во вкупните расходи.

**Графикон 3.3:** Расходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Средствата за социјални трансфери изнесуваат 44.645 милиони денари, забележаа раст од 9,2% и учествуваа со 52,2% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, кои зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 27.387 милиони денари, што е зголемување за 9,3% споредено со 2018 година и учествуваат со 32,0% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 19,1%, односно забележаа помала реализација за 1,5%, а се реализирани во износ од 16.331 милион денари. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 6.931 милион денари забележаа зголемување од 5,5%, во споредба со претходната година. Субвенциите и трансферите изнесуваат 8.445 милиони денари што е намалување од 7,2% споредено со минатата година.

Каматните расходи изнесуваат 2.345 милиони денари, што е за 27,3% повеќе во споредба со 2018 година. Расходите за камати од домашно задолжување се намалени за 15,9%, додека каматите од странско задолжување се зголемени за 98,8%. Во анализираниот период, средствата за капитални расходи се реализирани во износ од 3.568 милиони денари со структурно учество од 4,2% во вкупните расходи, односно забележаа повисока реализација за 6,9% во споредба со 2018 година.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет изнесува 81,0% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Министерството за труд и социјална политика во периодот јануари - мај 2019 година реализираше 18.360 милиони денари или 41,2% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (72,2%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 13.255 милиони денари или 43,8% од средствата наменети за 2019 година. Втора

најзначајна расходна ставка се социјалните бенефиции, кои учествуваат со 19,3% во вкупните расходи. За оваа намена реализирани се 34,5% (3.541 милион денари) од планираните за 2019 година.

Во првите пет месеци од 2019 година, преку разделот Министерство за финансии – функции на држава[2] реализирани се 11.395 милиони денари, што претставува 34,1% од годишниот буџет. Најголем дел од расходите или 56,8% отпаѓаат на отплата на главнина, за што се потрошени 6.473 милиони денари, односно 39,6% од средствата планирани за оваа намена во 2019 година. По однос на каматни плаќања отпаѓаат 20,2% од вкупните расходи, за што се реализирани 2.300 милиони денари или 25,5% од планираното.

**Графикон 3.4:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели




Извор: МФ.

Министерството за образование и наука во периодот јануари - мај 2019 година изврши буџетски средства во износ од 9.466 милиони денари, што е 36,2% од вкупниот буџет за 2019 година. Најголем дел од расходите (62,8%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 5.948 милиони денари или 41,3% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци се втора најзначајна ставка со учество од 15,1%, за што се потрошени 1.425 милиони денари, односно 38,7% од вкупно предвидените средства за тековната година. Стоките и услугите учествуваат со 13,0% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 1.229 милиони денари, односно 29,4% од вкупно предвидените.

Во периодот јануари - мај 2019 година од страна на Министерството за внатрешни работи реализирани се вкупно 4.705 милиони денари, што претставува 42,9% од сопствениот буџет за 2019 година. Најзначајна расходна ставка претставуваат плати и надоместоци со учество од 68,0%, за што се потрошени 3.198 милиони денари или 41,6% од планираното. Втора најзначајна ставка се стоки и услуги со учество од 21,1%, за што се реализирани 995 милиони денари или 50,8% од годишниот план.

[2] Во рамките на разделот *функции на држава* опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално кофинансирање и ИПА средствата од ЕУ). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите на Република Северна Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање елементарни непогоди и средства за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализираше средства во износ од 4.900 милиони денари, што претставува 56,5% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, кои учествуваат со 96,5% во вкупните расходи, реализирани се 71,5% од планираните средства.

Министерството за одбрана во првите пет месеци од 2019 година изврши буџетски средства во износ од 2.633 милиони денари, што е 31,7% од вкупниот буџет за 2019 година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество со 60,9%, за што се реализирани 1.603 милиони денари, што претставува 40,4% од вкупно предвидените средства за тековната година. Стоките и услугите учествуваат со 24,7% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 651 милион денари, односно 32,9% од вкупно предвидените.

Министерството за здравство во периодот јануари - мај 2019 година реализираше буџетски средства во износ од 2.271 милион денари, што е 35,0% од вкупниот буџет за 2019 година. Тековните трансфери до вонбуџетските фондови имаат најголемо учество во расходите со 50,1%, за што се потрошени 1.137 милиони денари или 39,6% од средствата наменети за тековната година. Стоките и услугите се втора најзначајна ставка со учество од 41,6% во вкупните расходи, а во анализираниот период за оваа намена потрошени се 946 милиони денари, односно 41,1% од вкупно предвидените.

Министерството за транспорт и врски во разгледуваниот период реализираше средства во износ од 1.187 милиони денари, што е 16,3% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи изнесува 12,2% од предвиденото (766 милиони денари), а учествуваат со 64,5% во вкупните расходи на овој буџетски корисник. Субвенциите и трансферите имаат учество од 29,7% во вкупниот буџет на овој корисник и за оваа намена извршени се средства во износ од 353 милиони денари, односно 49,2% од планираното.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк *(http://finance.gov.mk/mk/node/693)*.

## Буџетско салдо

Во периодот јануари - мај 2019 година е остварен дефицит во Буџетот на Република Северна Македонија од 4.992 милиона денари, што претставува 0,7% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 5.713 милиони денари и претставува 0,8% од БДП.

# 4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

## Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРСМ

Во периодот јануари – мај 2019 година во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија регистрирани се вкупно 82.303 нови засновани работни односи. Вкупниот број нововработени во овој период е понизок за 3,4% во однос на истиот период од 2018 година.

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Од вкупниот број нововработени, 43,0% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во мај 2019 година 16,9% се од евиденцијата на невработени.

**Графикон 4.2:** Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Вкупниот број невработени лица во мај 2019 година изнесува 188.409, од кои 100.060 се активни баратели на работа, а 88.349 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е зголемен за 0,2%.

Најголем дел од невработените лица (64,0%) се градско население, а според половата структура 53,1% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 62,6% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 25,6% се со завршено средно образование, додека 11,8% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

По возрасни групи, најголемиот дел или 47,5% од невработените припаѓаат на возрасната група 25 - 49 години. Според времето на чекање на вработување, 48,8% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 7,1% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во април 2019 година оствари годишен раст од 3,5%, а во однос на претходниот месец е повисока за 0,8%. Најголем раст на просечната нето-плата се забележува во следните сектори: Дејности на здравствена и социјална заштита (9,4%), Транспорт и складирање (8,5%) и Административни и помошни услужни дејности (6,8%). Реалните плати во април забележаа годишен раст од 1,6%.

**Графикон 4.3:** Просечна нето-плата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Просечната номинална бруто-плата во април 2019 година оствари годишен раст од 4,8%, а во однос на претходниот месец е повисока за 0,9%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори: Дејности на здравствена и социјална заштита (11,0%), Транспорт и складирање (10,4%) и Административни и помошни услужни дејности (7,9%). Реалната бруто-плата забележа годишен раст од 2,8%.

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

## Пензии

Во мај 2019 година во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 317.549 пензионери, што претставува зголемување од 1,8% во однос на истиот период минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на пензија е повисок за 1.004 лица. Од вкупниот број пензионери, 65,1% се корисници на старосна пензија, 23,9% се корисници на семејна пензија и 11,0% се корисници на инвалидска пензија.

**Графикон 4.5:** Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ.

Просечната пензија во мај 2019 година изнесува 14.471 денар и е за 2,5% повисока во однос на истиот месец минатата година[3]. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во април 2019 година (последни расположливи податоци) изнесува 58,4%.

Просечната старосна пензија во мај изнесува 15.756 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 13.101 денар, а просечната семејна пензија 11.596 денари. За исплата на пензиите во мај 2019 година се потрошени 4.505,59 милиони денари, што претставува 48,4% од вкупните социјални трансфери.

# *5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР*

Во мај 2019 година, Народна банка на Република Северна Македонија ја задржа основната каматна стапка на 2,25%, откако во март ја намали за 0,25 п.п. како резултат на задржаниот континуитет на поволни движења на девизниот пазар, што упатува на отсуство на притисоци во надворешниот сектор и стабилни согледувања на домашните субјекти, како и отсуство на ценовни притисоци. Дополнителен простор за монетарно олабавување создава и последната најава на ЕЦБ за задржување на каматните стапки на тековното ниво подолго од претходно очекуваното, како и за дополнително олабавување преку други монетарни инструменти. Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,3%.

**Графикон 5.1:** Валутна структура на депозити и кредити ( мај 2019 година)




Извор: НБРСМ.

## Примарни пари

Во мај 2019 година, примарните пари[4] регистрираа пад од 4,3% на годишна основа, во услови на пад на вкупните ликвидни средства на банките од 18,5% и раст на готовите пари во оптек од 10,2%.

[3] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

[4] Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

На месечно ниво, примарните пари се намалија за 15,9%, како резултат на намалувањето на вкупните ликвидни средства на банките за 28,9% и падот на готовите пари за 2,6%.

**Графикон 5.2:** Депозити и кредити
*(стапки на раст во %)*




Извор: НБРСМ.

## Депозитен потенцијал[5]

Вкупните депозити на банките во мај 2019 година регистрираа пад од 0,5% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија и депозитите на домаќинствата се намалија за 1,3% и 0,1%, соодветно.

Од аспект на валутата, во мај 2019 година споредено со претходниот месец депозитите во домашна валута се зголемија за 0,5%, а депозитите во странска валута се намалија за 2,0%.

Вкупниот депозитен потенцијал во мај 2019 година оствари раст од 10,4% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута и депозитите во странска валута се зголемија за 12,8% и 7,0%, соодветно.

Од аспект на секторот, на годишно ниво овој месец депозитите на претпријатијата и депозитите на домаќинствата бележат раст од 8,9% и 8,8%, соодветно.

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 5,4%, а долгорочните депозити за 11,5%.

Валутната структура на депозитите и понатаму е стабилна, при што депозитите во домашна валута имаат поголемо учество во депозитната база кое изнесува 60,1%.

## Кредити на банките

Во мај 2019 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 0,6% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека кредитите кон претпријатијата се намалија за 0,3%, додека кредитите кон домаќинствата се зголемија за 1,7%. Од аспект на валутата, во мај 2019 година, на месечно ниво денарските и девизните кредити регистрираа раст од 0,4% и 0,9% соодветно.

[5] НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

На годишна основа, во мај 2019 година вкупните кредити се зголемија за 8,3%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата од 9,6% и на кредитите кон претпријатијата од 7,1%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 10,7%, а кредитите во странска валута за 4,9%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 8,4%, а краткорочните кредити од 5,9%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор;

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (мај 2019 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | **383.162** | **-0,5 %** | **10,4%** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *230.254* | *0,5%* | *12,8%* |
| *Странска валута* | *152.908* | *-2,0%* | *7,0%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *166.189* | *-1,1%* | *5,4%* |
| *Долгорочни* | *107.138* | *0,5%* | *11,5%* |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | **328.459** | **0,6%** | **8,3%** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *194.949* | *0,4%* | *10,7%* |
| *Странска валута* | *133.510* | *0,9%* | *4,9%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *60.268* | *-0,8%* | *5,9%* |
| *Долгорочни* | *247.085* | *0,6* | *8,4%* |
| *Сомнителни и спорни побарувања* | *17.926* | *6,6%* | *16,4%* |

Извор: НБРСМ

## Каматни стапки на депозитни банки

Во мај 2019 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,03 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 5,20%. Каматната стапка на денарските кредити се намали за 0,02 п.п. и изнесува 5,67%, а каматната стапка на девизните

**Графикон 5.3:** Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРСМ.

кредити се намали за 0,03 п.п. на месечно ниво и изнесува 4,65%.

Вкупната каматна стапка на депозитите во мај 2019 година изнесува 1,41% и е непроменета во однос на минатиот месец. Каматната стапка на денарските депозити на месечно ниво се намали за 0,1 п.п. и изнесува 1,94%, додека каматната стапка на девизните депозити остана непроменета и изнесува 0,80%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во мај 2019 година вкупниот промет на берзата регистрираше раст од 140,9% на месечно ниво, во услови на раст на прометот од класичното тргување за 21,9%, додека прометот кај блок трансакциите регистрираше пад од 5,8%. Зголемениот раст на вкупниот промет на берзата се должи на тоа што во мај 2019 година е остварен промет од јавна понуда на хартии од вредност во износ од 575,3 милиони денари.

**Графикон 5.4:** Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

Вкупниот промет на берзата во мај 2019 изнесуваше 1.105,5 милиони денари и истиот е зголемен за 28,4% на годишно ниво. Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на мај 2019 година изнесуваше 3,871.71 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е зголемен за 7,4%, а во однос на истиот месец претходната година е зголемен за 30,3%.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на мај 2019 година изнесуваа 2.901,4 милиони евра и во однос на претходниот месец се зголемени за 0,9%, а во однос на мај 2018 година за 11,1%.